1. Дали Владата на Р.С.Македонија, во периодот на вонредна состојба поради појавата на КОВИД-19, има усвоено посебни препораки и мерки во насока на заштита и унапредување на здравјето на барателите на азил и лицата сместени во Прифатниот центар за баратели на азил, Прифатниот центар за странци, Прифатно-транзитниот центар Табановце и Прифатно-транзитниот центар Винојуг – Гевгелија и доколку да кои се тие препораки и мерки?

2. На 28-мата седница на Владата, одржана на 25. март 2020 година е донесен заклучок во периодот на прогласена вонредна состојба поради појавата на КОВИД-19 - сите нови баратели на азил и новозатекнати лица со нерегулиран престој во Р. С. Македонија првично карантински да се сместуваат во Прифатно-транзитниот центар Винојуг, Гевгелија. Дали донесената одлука на Владата се заснова на препорака од Министерството за здравство/ Комисијата за заразни болести? Дали на одржаниот состанок при донесување на заклучокот е разгледувана мерката и од аспект на почитување на човековите слободи и права?

3. Дали времетраењето на периодот на самоизолација/карантин кој се применува на бегалци, баратели на азил и мигранти со нерегулиран престој е еднаков по времетраење со периодот на самоизолација/карантин кој се применува на државјаните на Р.С.Македонија?

4. Дали и колку финансиски средства има дополнително обезбедено Владата за подобрена заштита и спречување на ширење на Ковид-19 вирусот помеѓу бегалците, барателите на азил и нерегуларните мигранти сместени во Прифатниот центар за баратели на азил, Прифатниот центар за странци, Прифатно-транзитниот центар Табановце и Прифатно-транзитниот центар Винојуг сметано од денот на воведување на вонредна состојба, заклучно со денот на поднесувањето на ова барање?

5. Кој е надлежен за надзор на спроведувањето на мерките кои се однесуваат на спречување на ширењето на корона вирусот во поглед на бегалците и мигрантите?

1. Министерството за одбрана не е надлежна институција за да предлага мерки и протоколи за спречување на ширење на заразата помеѓу бегалците и мигрантите;
2. Ангажманот продолжи со ист интензитет и зголемени мерки за лична и колективна заштита за персоналот од составот на Армијата;
3. Обезбедувањето на камповите и прифатните центри не се во надлежност на Армијата односно Министерството за одбрана;
4. Веднаш по појавата на пандемијата се изврши едукација на персоналот од составот на Армијата преку презентации, обиколки и поделба на печатен материјал со конкретни насоки;
5. Вакцинацијата на припадниците на Армијата се вршеше според план добиен од Министерство за здравство;
6. Не е во надлежност на Министерството за одбрана и Армијата;
7. Не е во надлежност на Министерството за одбрана и Армијата;
8. Армијата на Република Северна Македонија во текот на пандемијата спроведуваше превентивни мерки за спречување на заразата со COVID – 19 кај персоналот ангажиран за справување со бегалската криза на тој начин што редовно го снабдуваше персоналот со лични заштитна опрема и средства за дезинфекција за превенција на ширење на заразата и изврши вакцинација на персоналот ангажиран на граничните премини;
9. Надзорот го вршеа овластени лица на ниво на команди и единици;
10. Припадниците на Армијата постапуваа според наредби од првопретпоставените команди и единици, стандардни опративни процедури за постапки во разни ситуации и донесени протоколи и препораки од Министерството за здравство;
11. Од припадниците на Армијата нема случаи на заболени, оздравени и починати лица во ситуации кога имале контакти со бегалци и мигранти;
12. Од припадниците на Армијата нема случаи на изолација во ситуации кога имале контакти со бегалци и мигранти.